20262514522

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 41 став (1) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25, 134/26 и 212/26), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 20 октомври 2026 година, донесе

ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА 2026 ГОДИНА

I

Во Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.30/26 и 220/26), во дел III по точката 3 се додава нова точка 3-а, која гласи:

„3-а. Изработка на урбанистичко планска и урбанистичко проектна документација за градби за чување и складирање на дигитални податоци за потребите на државните органи и институции;“.

II

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-8266/5
20 октомври 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.